Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 28.07.2020

На 27.07.2020 во 19.30 часот на локален пат кон село Три води, во непосредна близина на „Раборска крстосница", струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.Х.(25) од Велес. При контрола на товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, што го управувал Д.Х., биле пронајдени 50 мигранти и тоа 33 од Бангладеш, 15 од Пакистан и две лица од Авганистан. Д.Х. бил приведен и задржан во Полициската станица Струмица, а увид на местото извршиле екипи на Регонален центар за гранични работи и СВР Струмица. По целосно документирање на случајот, против возачот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.07.2020 околу 20.00 часот кај место викано „Канда", на магистрален пат Штип – Радовиш, полициски службеници од Одделот за гранични работи и миграции го лишиле од слобода Р.С.(30) од Скопје, кој управувал патничко возило „алфа ромео", со светиниколски регистарски ознаки, а во кое биле пронајдени шест лица мигранти од Пакистан. При неговото запирање, Р.С. се обидел да го побегне, но бил спречен, а по извршен преглед на возилото било утврдено дека регистарските ознаки припаѓаат на патничко возило „фолксваген". Р.С. и мигрантите биле предадени на полициски службеници од Полициска станица Свети Николе за понатамошна постапка.

На 27.07.2020 околу 05.00 часот на место викано „Раборска крстосница", струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Б.И., кој управувал возило со кичевски регистарски ознаки. При запирање на возилото, тој се обидел да побегне, но бил спречен, а по извршен преглед на возилото биле пронајдени 39 лица мигранти (35 од Сирија и четири од Ирак). Увид бил извршен, а по наредба на Јавен обвинител мигрантите биле сместени во ПТЦ „Винојуг" во Гевгелија за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против Б.И. ќе биде поднесена кривична пријава поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „криумчарење на мигранти ".

На 27.07.2020 околу 15.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул. „АСНОМ" во Штип, при поставување на панели за соларна енергија на покрив од куќа сопственост на И.М., настанал пожар, при што целосно бил опожарен покривот на куќата. Нема повредени лица, а пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

На 27.07.2020 во 15.15 часот на ул.„Борис Трајковски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „хамачи", без регистарски ознаки, управуван од В.Б.(32) од Скопје и патничко возило „цитроен берлинго", со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.С.(39) од Скопје. По незгодата, В.Б. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.07.2020 во 06.44 часот на наплатна рампа „Миладиновци" се случила сообраќајна незгода помеѓу товарано возило „фолксваген транспортер", со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.И.(29) од Пробиштип, товарно возило „фолксваген транспортер", со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР, управувано од полициски службеник и патничко возило „опел", со штипски регистарски ознаки кои припаѓале на патничко возило „лада", управувано од непознато лице, кое по незгодата го напуштило местото. Во незгодата, со повреди се здобил полицискиот службеник и бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 27.07.2020 во 16,.30 часот во СВР Скопје, М.А.(56) од с.Петровец пријавил дека на ул.„10" во с.Петровец бил каснат од куче скитник.

На 27.07.2020 во 17.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле М.С.(22) од Р.Албанија бидејќи при извршени гранични проверки било констатирано дека се наоѓал на листата со мерка „Апси", по барање на Интерпол од Белгија. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 27.07.2020 во 14.40 часот во Полициска станица Центар, А.М.(24) од Скопје пријавила дека на бул.„Кочо Рацин" била каснатa од куче скитник.

Во текот на 27.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје 35 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 28.07.2020, полициски службеници од СВР Тетово, во соработка со Оддел за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, врз основа на судска наредба од Основен суд Тетово, извршиле претрес во домот и помошните простории на Ф.Љ.(29) и на М.А.(31), двајцата од Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени предмети кои потекнуваат од кривични дела. Лицата биле лишени од слобода и задржани во Полициска станица Тетово за понатамошна постапка.

Единицата за насилен криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.С.(20) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" и против Ф.Х.(42) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 06.03.2020 на ул.„Пелагонија", првопријавената физички ја нападнала С.Х., нанесувајќи ѝ повреди, а откако полициски службеник постапувал по пријавата, второпријавениот со нож се обидел да го нападне полицискиот службеник.

Единицата за насилен криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Е.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 21.06.2020, пријавениот упатувал закани и навредувал полициски службеник кој вршел службени задачи.

На 27.07.2020 околу 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сарај, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(63) од с.Сарај, од една страна, и И.М.(60) и неговиот син Б.М.(34), двајцата од с.Сарај, од друга страна. Притоа, С.С. со тврд предмет им нанел тешки телесни повреди на Б.М и И.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.07.2020 во 13.00 часот во Полициска станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение се оддалечил нивниот штитеник М.Е.(18) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 27.07.2020 во 23.25 часот било пријавено дека на Граничен премин „Табановце" -железнички, на влез во Р.С. Македонија пристигнал меѓународен товарен воз кој се движел на релација од Р.Грција кон Чешка. При контрола, царински службеник забележал дека една пломба на контејнер била скината, по што бил извршен увид од Јавен обвинител и било констатирано дека непознат сторител ја скинал пломбата и од вагонот одзел палета со 30 кутии со монитори за компјутери. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.07.2020 во 15.00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, Р.К.(59) од Скопје пријавил дека на паркинг на ул.„1606" бил каснат од куче скитник.

На 27.07.2020 во 19.00 часот во с.Кучевиште, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(65) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница", казниво по член 133 од Кривичниот законик. По преземени мерки било утврдено дека тој, по претходно недоразбирање, со моторна пила исекол гума од приколка, сопственост на неговиот сосед С.Б.(68) од с.Кучевиште и со неа се обидел да го удри. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2020 во 09.00 часот во Полициско одделение Петровец, Ј.С.Т.(56) од с.Петровец пријавила дека во с.Петровец била каснатa од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(34) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 12.06.2020 пријавениот физички нападнал двајца малолетници, кои претходно имале расправија и пресметка со неговите двајца малолетни синови.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Ф.(34), Ш.А.(56) и Џ.А.(56), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 21.06.2020 во 17.30 часот на ул.„Страшо Пинџур" во Тетово, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка во која употребиле тврди предмети.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Н.(37) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.04.2020, по претходна расправија, пријавениот со уште две лица, во с.Одри, физички го нападнале Л.Т. од с.Одри.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.З.(22), И.М.(21), Б.Т.(22) и Г.Ш.(21), сите од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 17.07.2020, пријавените со дрвени предмети ги нападнале А.М. и неговиот татко пред нивната куќа.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.С.(38) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 19.07.2020, пријавениот со нож му се заканувал на Д.Д., по што со тврд предмет го нападнал.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(21) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице при вршење на службено дејствие". На 10.06.2020, пријавениот се однесувал агресивно кон полициски службеник кој вршел службени дејствија.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.В.(24) од Кавадарци - полициски службеник во ОВР Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 19.07.2020 во Полициската станица Кавадарци пријавениот, со службена автоматска пушка во помошна дежурна просторија, каде биле присутни и други полициски службеници, при проверка, ненамерно испукал еден куршум, кој завршил во таванскиот дел на просторијата.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.М.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 24.07.2020 на ул„Никола Грчето" во Скопје, пријавениот со огнено оружје пукал кон прозорците и фасадата на станот на Д.И..

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Ш.(30) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". На 10.05.2020, пријавената во нејзиниот дом физички ги малтретирала нејзините две малолетни деца, нанесувајќи им повреди.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ј.Д.(23) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 11.03.2020 на регионалниот пат Штип - Радовиш, полициски службеници го запреле пријавениот и констатирале дека на патничкото возило „ауди а3" поставил неважечки ЦОЛ регистарски ознаки, употребувајќи ги како вистинити во јавниот сообраќај.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.Д.(22) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.05.2020, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против И.Ј.(22) од Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба наркотични дроги". На 21.12.2019 полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и на возилото кое го управувал, а во кое бил и Х.Ч., при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против И.А.(61) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.07.2020, полициски службеници извршиле редовна контрола по основ на решение за задолжителна самоизолација во времетраење од 14 дена, согласно одлуките на Владата на РСМ поврзани со вирусот ковид-19 и констатирале дека пријавениот не се наоѓал во својот дом.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ч.Р.(21) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување". На 25.05.2020 во Штип, пријавениот со употреба на сила влегол во домот на жена од Штип и извршил обљуба.
СВР Штип поднесе кривична пријава против А.Ј.(46) и Д.Ј.(17), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.07.2020, полициски службеници извршиле контрола во домовите на пријавените, по основ на мерка лекување и самоизолација во траење од 14 дена од денот на добивање на решенија и тие не биле пронајдени во домовите.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет